Врз основа на чл.48 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22), чл.2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Службен Весник бр. 11/2015 и 35/18), Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и Канализација - Скопје арх.бр. 0302-14317/1 од 22.11.2018 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-10350/2 од 29.07.2019 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-12366/1 од 18.09.2019 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-13130/1 од 04.10.2019 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-13697/1 од 15.10.2019 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-758/1 од 24.01.2020 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-761/1 од 21.01.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-761/2 од 09.02.2021 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-862/1 од 04.02.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-4138/1 од 21.04.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-12709/1 од 28.12.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места арх.бр.0302-862/1 од 04.02.2022 година, в.д. Директорот на ЈП Водовод и канализација - Скопје објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС број 07/2026
## за пополнување на работно место на административен службеник со унапредување

1. **Самостоен референт-администратор, во Одделение за контрола на корисници, во Сектор Наплата, со шифра КДР0102Г01005, ниво Г01, 1 (еден извршител),**

   **Посебни услови:**
   - **Стручни квалификации** – за нивото Г1 ниво на квалификациите V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование
   - работно искуство и тоа:
     за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,

**Потребни општи работни компетенции на основно ниво:**
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

**Потребни посебни работни компетенции:**
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

**Работно време**: Понеделник до петок, од 07:30 - 15:30, 40 часа неделно.
**Нето месечна плата**: **43.832,00 денари.**

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат и следните општи услови утврдени со член 31 став (1) од Законот за административните службеници:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во ЈП Водовод и канализација - Скопје, кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација, како и:
- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:
- потврди за успешно реализирани обуки
- потврди за успешно реализирано менторство.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку архивата на ЈП Водовод и канализација - Скопје до Секторот за човечки ресурси и Одделението за јавни службеници на адреса ЈП Водовод и канализација - Скопје, ул. Лазар Личеноски бр.9 Скопје, како и до службената електронска адреса kadrovo@vodovod-skopje.com.mk со назнака "за интерен оглас".

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на в.д. Директорот на ЈП Водовод и канализација - Скопје.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
в.д. Директор
М-р Иван Митровски

Изработил: Марија Ѓорѓиева
Контролирал: Горан Михајлов
Одобрил: Горан Михајлов